РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**
ул.Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407
web: www.arpz.mk ; e-mail: arpz@arpz.mk

**Бр. 02-432/3**
**26.12.2014 година**
**Скопје**

**ДО: Собрание на Република Македонија**

**Предмет: Доставување на Годишна програма работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор**

Почитувани,

На седницата одржана на ден 25.12.2014 година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ја усвои Годишната програма работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

Во согласност со член 109 став 4 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14) Агенцијата е должна Годишната програма за работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор да ја достави до Собранието на Република Македонија на одобрување. Со оглед дека во законскиот период за доставување на Годишната програма (30.11.2014 година), не беше конституиран Управен одбор, програмата се усвои на првата седница на Управниот одбор, по неговото конституирање (25.12.2014) и истата го праќа до Собранието на Р.Македонија, за нејзино усвојување. Претходно, Годишната програма била испратен од страна на директорот на Агенцијата, но поради законската обврска истата да биде усвоена од страна на Управен одбор, не била разгледувана од Собранието на Р.Македонија.

За таа цел, во прилог на овој допис ви ја доставуваме Годишната програма работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, усвоена од страна на Управниот одбор на Р.Македонија.

Со почит,

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Претседател на Управен одбор**

**М-р Ана Виткова**

**Прилог:**

- Одлука на Управен одбор бр.02-432/1 од 25.12.2014 година за усвојување на Годишната програма работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор,
- Годишната програма работа и развој за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (бр.01-432/2 од 25.12.2014 година),
- Предлог Одлука за одобрување од страна на Собрание на Република Македонија
- ЦД

Доставено до:

- Собрание на Република Македонија
- Архива на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор

Врз основа на член 103 став (1) алинеја 6 од Законот за железнички систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14), Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на ден 25.12.2014 година донесе:

# **О Д Л У К А**
## **за усвојување на**
## **Годишната програма за работа и развој на**
## **Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година.

**Член 2**

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година содржи програма за работа и финансиски план за 2015 година.

**Член 3**

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2014 година се доставува до Собранието на Република Македонија за одобрување.

**Член 4**

Оваа Одлука е конечна и влегува на сила на денот на донесувањето.

Бр. 01-432/1
25.12.2014 година

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор
Претседател на
Управен одбор

М-р Ана Виткова

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 109 став(1), (2) и (3) од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на __.__.2015 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2015 ГОДИНА

**Член 1**

Собранието на Република Македонија дава согласност на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Број ____________**
**____________ 2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Трајко Вељаноски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2015 ГОДИНА



**Бр.01-432/2**
**25.12.2014 година**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

А. Програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година ..... 3

Издавање дозволи ..... 4

Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата ..... 4

Контрола над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата ..... 5

Контрола на активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците ..... 5

Развојни активности на Агенцијата ..... 6

Тековни активности на Агенцијата ..... 7

Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози ..... 8

Соработка со национални државни органи и регулаторни тела ..... 9

Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците ..... 10

Б. Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година .. 15

Планирани приходи ..... 15

Планирани расходи ..... 16

Согласно законската поставеност, со Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор управува Управен одбор на агенцијата. Во тек е постапката за именување на членови на Управниот одбор што е во надлежност на Собранието на Република Македонија. Со членот 109 став 2 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) предвидено е Годишната програма за работа и развој на Агенцијата Управниот одбор на Агенцијата да ја достави на одобрување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 ноември 2014 година.

Република Македонија превзеде обврска за целосно исполнување на критериумите за интегрирање со законодавството на Европската унија. За таа цел извршени се низа законски усогласувања за натамошно доуредување, развој на пазарот на железнички услуги што подразбира создавање услови за непречено обезбедување на железничките услуги под еднакви услови за сите регистрирани железнички компании, како и обезбедување и почитување на правата на корисниците на овие услуги. Поаѓајќи од наведените цели, директорот на Агенцијата донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во наредната 2015 година ќе се ангажира во обезбедување на недискриминација и транспарентност во работењето на сите учесници во железничкиот сектор. Агенцијата ќе се залага управителот на инфраструктурата и железничките превозници своите услуги да ги обезбедува врз принципите на законитост, стручност, професионалност и одговорност во работењето во согласност со надлежностите и овластувањата утврдени со Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14).

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата согласно Законот за железничкиот систем се состои од два дела, и тоа:

- Програма за работа и развој на Агенцијата за 2015 година и
- Финансиски план на Агенцијата за 2015 година.

## А. Програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

Надлежностите кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем, а кои Агенцијата ќе ги реализира преку својата програма за работа и развој во 2015 година, се:

- Издавање на дозволи за вршење на јавен железнички превоз, дозволи за вршење на превоз за сопствени потреби, дозволи за управување со железничка инфраструктура и вршење контрола на издадените дозволи;

- Решавање по жалби на железничките превозници по актите донесени од управителот на инфраструктурата;

- Контрола над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата од аспект на точност, безбедност и достапност на услугите во насока на креирање амбиент кој ќе гарантира исполнување на правата на корисниците на услугите;

- Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците.

## Издавање дозволи

Во текот на 2015 година, при издавање на дозволи за вршење на јавен железнички превоз, превоз за сопствени потреби и вршење контрола на издадените дозволи за вршење на јавен железнички превоз, Агенцијата ќе постапува согласно членовите 15, 16, 17, 18, 20 и 20а од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14).

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во текот на 2015 година, Агенцијата ќе постапува согласно член 21 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) при издавање и контрола на дозволи за управување со железничка инфраструктура.

Рок: континуирано во календарската година

## Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата

Агенцијата ќе донесува решенија по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата, а во врска со објавата на мрежа, критериумите содржани во објавата на мрежа, процесот на доделување на инфраструктурни капацитети и постигнатите резултати, планот на наплата, висината или структурата на надоместокот за пристап до инфраструктурата која се плаќа или треба да се плати и договорите за пристап согласно членовите 65 и 99 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14).

Рок: континуирано во календарската година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР СКОПЈЕ

## Контрола над квалитетот на давањето на железничките услуги од страна на железничкиот превозник и управителот на инфраструктурата

Во насока на исполнување на правото на корисниците за квалитетни железнички услуги, согласно член 97-а и 97-б од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) особено значајна функционална компонента на надлежностите на Агенцијата е следењето на квалитетот на железничките услуги, односно:

- Контрола на квалитетот на железничките услуги кои железничкиот превозник им ги обезбедува на патниците во железничкиот сообраќај и правата на патниците,
- Контрола на квалитетот на железничките услуги кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Контрола на активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците

Почитувањето на правата на патниците, од страна на железничките превозници (во моментов, Македонски железници Транспорт АД Скопје) ќе се следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договорот за вршење јавна патничка услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од трошоците кои ги има транспортната компанија при давање на услугата. Услугите утврдени со Договорот за вршење јавна патничка услуга од јавен интерес се:

1. Безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација
2. Придржување и почитување на возниот ред
3. Одржување на хигиена во возовите
4. Обележување на возовите
5. Осветлување на возовите
6. Истакнување на огласни табли за возен ред во чекалните и пероните
7. Греење на возовите (во зимски услови)

8. Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници

9. Овозможување на продажба на билети во билетарници и во воз

10. Книга за жалби

Контролата над активностите на железничката транспортна компанија и инфраструктурната компанија во насока на почитување на правата на патниците ќе ги врши согласно член 97 и член 97-а од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) се во согласност со динамиката определена и усогласена со потребите на пазарот, односно корисниците на железничкиот патнички сообраќај.

Рок: континуирано во текот календарската година

## Развојни активности на Агенцијата

Железничкиот сообраќај е во континуиран забрзан развој, како патничкиот, така и товарниот. Ваквиот развој во европски и светски рамки, условува соодветен развој и во железничкиот систем во Република Македонија. Со значајните инвестиции во областа на железниците, како во транспортот, така и во инфраструктурате, Република Македонија ги следи овие развојни токови. За да одговори на вака забрзаниот развој, активностите на Агенцијата во 2015 година ќе бидат насочени кон подигнување на нејзиниот институционален и кадровски капацитет. Се предвидува обезбедување на потребните хардверски и софтверски решенија за унапредување на дејноста, како и соработка со други регулаторни тела на проекти од областите за кои е надлежна Агенцијата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата ќе продолжи со соработката со други регулаторни тела, со учество на билатерални и меѓународни конференции во рамките на Генералниот директорат за транспорт на Европската Унија (DG MOVE), IRG-RAIL и др., како и учество во проекти кои ја третираат регулаторната улога на агенциите во сферата на железничкиот превоз во насока на развојот и унапредувањето на своето работење .

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во функција на јакнење на кадровскиот капацитет на Агенцијата, во текот на 2015 година ќе се реализираат 3 (три) нови вработувања.

- Новите вработување ќе се финансираат од сопствени средства на Агенцијата. Сегашниот број на вработените во Агенцијата, вкупно 4 (четири) лица не е доволен за реализација на предвидените надлежности согласно Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) и

Програмата за работа и развој за 2015 година, поради што се предвидени овие нови вработувања до крајот на 2015 година.

Рок: Во текот на последната четвртина од календарската година

Во текот на 2015 година се планира да се реализираат обуки за вработените како еден од предусловите за целосна и успешна имплементација на регулаторните функции на Агенцијата. Со тоа ќе се зајакне капацитетот на самата институција за што поуспешно да одговори на сите предизвици од работењето на железничкиот сектор и да може долгорочно да ги реализира приоритетите во оваа сфера.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во рамките на активностите во 2015 година Агенцијата планира да реализира и да земе учество на семинари, советувања и работилници на кои се третираат прашања од области за кои или во кои Агенцијата има надлежности или овластувања.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Тековни активности на Агенцијата

Една од значајните активности на Агенцијата е да обезбеди функционирање на инфраструктурата и транспортните компании во рамките на со закон дефинираните комерцијални и финансиски односи, односно да обезбеди надоместокот за пристап до железничката инфраструктура, кој е утврден од управителот на инфраструктурата, да биде транспарентен, недискриминаторски и во согласност со законската регулатива. Оваа значајна активност ќе се спроведе преку следење на актите на инфраструктурната компанија односно објавата на мрежа, возниот ред и договорот за пристап кон инфраструктурата, како и при одлучување во жалбена постапка согласно член 99 од Законот за железничкиот систем.

Агенцијата во текот на 2015 година ќе ги следи сите законски измени поврзани со нејзините надлежности и во континуитет ќе ги ажурира во базата на податоци, како и ќе го ажурира на регистарот на директиви на ЕУ од областа на железниците

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на почитување на правата на патниците во железничкиот сообраќај и други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците, Агенцијата ќе презема активности кои се во нејзина надлежност во согласност со Законот за железничкиот систем .

Рок: континуирано во текот на календарската година

Особено внимание во 2015 година Агенцијата ќе посвети на континуирано следење на актите и активностите на учесниците на пазарот на железничките услуги по однос на:

- Објавата на мрежа;
- Критериумите содржани во Објавата на мрежа;
- Процесот за распределба на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати;
- Договорите за пристап на железничката инфраструктура и
- Други случаи со кои се осигурува пристап и користење на железничката инфраструктура.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата ќе преземање активности во согласност со член 97 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М." бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14) во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем, по однос на:

- Почитување на правата на патниците во железничкиот сообраќај,
- Во случај на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател на капацитет и доделување на траса, или друг инфраструктурен капацитет и услугите за наплата,
- Во случај на неправично и дискриминаторско користење и толкување на Објавата на мрежа и рамковните договори,
- Во случај на наплата на надоместок при заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се исполни или понудените планови се неекономични и финансиски неисплатливи,
- Во случај на пристап и користење на приватни колосеци, патнички и товарни терминали и други железнички линии и инсталации за кои се потребни договори меѓу еден или повеќе превозници и управител на инфраструктура,
- Други прашања по барање на релевантни институции од областа на железниците.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози

Во текот на 2015 година во насока на подигнување на квалитетот на своето работење Агенцијата во рамките на своите активности предвидува изработка на анализи, елаборати, студии, методологии за работа и мислења од областа на железниците. Во 2015 година планирана е изработка на Студија со модел за утврдување на меѓузависноста на инвестициите вложени од страна на државата во инфраструктурата на македонски железници, таксата за пристап и квалитетот на услугите кои корисниците ги добиваат од инфраструктурата. За оваа

студија се предвидува изработка на проектна задача која ќе ги дефинира критериумите и параметрите кои ќе бидат предмет на обработка во оваа студијата.

Рок: Октомври 2015 година

Во насока на контрола на почитување на правата на патниците во превозот со железници , во текот на 2015 година, Агенцијата како и секоја година така ќе спроведе анкета која ќе ја претстави перцепцијата на патниците во однос на почитување на нивните права и квалитетот на услугите кои тие ги добиваат од транспортната и инфраструктурната компанија . Анализата на резултатите од анкетата ќе даде можност, користејќи ги податоците од претходните години, да го следиме и развојот, однсосно трендот на подобрувањето во исполнување на правата на патниците.

Рок: Ноември 2015 година

Мониторингот на пазарот на железничките услуги ќе биде една од тековните активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и во 2015 година. Мониторирањето на пазарот на железничките услуги ќе се врши врз основа на претходно соодветно дефинирани критериуми и индикатори, а преку прибирање на податоци од повеќе институции во државата (железничките превозници, управителот на железничката инфраструктура, Државниот завод за статистика, Министерството за транспорт и врски и други). Целта на мониторирањето на пазарот е преку реални и објективни податоци да се укаже на сегментите во кои железничкиот сектор треба да се подобрува, како и стимулирање на активностите за постигнување на истото.

Анализата на податоци се планира да се прави преку континуирано прибирање на податоци, нивна статистичка и економетриска анализа, утврдување на перформансите на учесниците во железничкиот сектор. Резултатите од анализата ќе бидат јавно објавени од страна на Агенцијата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во текот на 2015 година, Агенцијата врз основа на петгодишното истражување и спроведените анкети за почитувањето на правата на патниците и задоволство на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз, ќе изготви извештај во кој ќе биде анализирано задоволството на патниците од добиените услуги и ќе се направи пресек на постоечката состојба во патничкиот железнички сообраќај.

Рок: Декември 2015 година

## Соработка со национални државни органи и регулаторни тела

Агенцијата и во текот на 2015 година ќе продолжи со соработката со останатите регулаторни тела во Република Македонија со цел размена на искуства, особено во поглед на операционализацијата и практикувањето на регулаторната улога на Агенцијата.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Активностите на Агенцијата и во текот на 2015 година ќе бидат и во насока на реализирање на соработка со европските регулаторни агенции од областа за железниците. Врз основа на искуствата и праксата при оваа соработка Агенцијата ќе изготвува и доставува предлози за потребата од донесување на нови законски решенија или измена на постоечките закони.

Рок: континуирано во текот на календарската година

## Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор како рамноправен член на работната група на регулаторните тела на ЕУ од областа на железниците, во текот на 2015 година ќе продолжи активно да учествува во работа на работната група на Европската комисија (DG MOVE) со цел што подобра реализација на своите активности во насока на интегрирање на македонските железници во системот на европските железници.

Подготовката за овие состаноци подразбира взаемна размена на стандардна содржина на податоци во форма на прашалник со сите 28 регулаторни агенции на Европската унија. Преку овие прашалници во кои се елаборира работењето преку презентирање на проблемите кои се појавуваат при спроведување на законската регулатива од областа на железницата, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е во целост во тек со сите појави и проблеми кои настануваат во железнички пазар на Европската унија а кои се во колизија со директивите на ЕУ.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата е член на IRG Rail, независна група на регулаторни тела за железниците на Австрија, Хрватска, Данска, Естонија, Франција, Германија, Унгарија, Летонија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија, Косово и Велика Британија. Целта на оваа група на регулаторни тела е да се интензивира соработката помеѓу регулаторите во Европа, која пак ќе придонесе за промовирање на одржлив и ефикасен железнички сектор и развој на Европскиот железнички пазар. Во рамките на IRG-Rail формирани се 5 работни групи кои работат во областа на:

- Таксата за пристап кон железничката инфраструктура;
- Економската рамнотежа поврзана со надоместокот и трошоците за услуги од јавен интерес во патничкиот железнички сообраќај;
- Преоценување и дополнување (recast) на директивите од областа на железницата;
- Мониторинг на пазарот на железнички услуги и
- Железнички товарни коридори.

Регулаторната Агенција учествува во работењето на овие работни групи преку размена на податоци, искуства и коментари од кои произлегуваат предлози и мислења за измената на Директивите на Европската унија од областа на железничкиот сектор.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Во рамките на Југоисточната транспортна опсерваторија (SEETO), Агенцијата во изминатите години имаше свое активно учество. Агенцијата и во 2015 година со своите активности ќе продолжи активно да учествува на состаноците организирани во рамките на (SEETO ) како дел од севкупните активности на ЕУ во Република Македонија.

Рок: континуирано во текот на календарската година

Агенцијата и во 2015 година како потписник на Меморандум за разбирање и соработка меѓу регулаторните тела од обласа на железниците со Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија ќе ја продолжи соработката во насока на развој на меѓусебните односи со цел размена на искуства и примена на најдобрите практики за развој на пазарот на железнички услуги.

Рок: континуирано во текот на календарската година

**Прилог:**
**Табеларен приказ на динамика на активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година**

**ПРИЛОГ 1**

| ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИНАМИКАТА НА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2015 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Активност | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| 1 | **Издавање дозволи согласно Законот за железнички систем** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2 | **Решавање по жалби на железнички превозник по актите донесени од управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3 | **Надзор над квалитетот на давањето на железничките услуги кои ги обезбедуваат железничките превозници и управителот на инфраструктурата** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 4 | **Контрола над активностите на компаниите во насока на почитување на правата на патниците** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 5 | **Развојни активности на Агенцијата** | | | | | | | | | | | | |
| Обуки на вработените, семинари, советувања, работилници | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Нови вработувања | | | | | | | | | | | √ | √ | √ |
| Учество на билатерални и меѓународни конференции | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 6 | **Тековни активности на Агенцијата во 2015 година** | | | | | | | | | | | | |
| Обезбедување транспарентен, недискриминаторски и законски надоместок за пристап до инфраструктурата кој е утврден од управителот на инфраструктурата | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Континуирано ажурирање на базата на податоци за учесниците на пазарот на железничките услуги | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Преземање на активности во случај на неправично и дискриминаторско однесување на субјектите во железничкиот систем | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Ажурирање на регистарот на акти и прописи од делокругот на работењето на Агенцијата, како и регистар на постоечките директиви на ЕУ од областа на железниците | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 7 **Изработка на студии, елаборати, анализи, анкети, мислења и предлози** | | | | | | | | | | | | |
| Студија со модел за утврдување на меѓузависноста на инвестициите вложени од страна на државата во инфраструктурата на македонски железници и квалитетот на услугите кои корисниците ги добиваат од инфраструктурата | | | | | | | | | | √ | | |
| Мониторингот на пазарот на железничките услуги | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Анализа на пазарот на железнички услуги во насока на обезбедување на услови за либерализација на истиот, заштита на конкуренцијата и унапредување на конкуренцијата меѓу различните видови на транспорт | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Анкета на патниците во превозот со железница и анализа на искуството и задоволството на истите од услугите добиени во железничкиот патнички превоз | | | | | | | | | | √ | | |
| Извештај за задоволството на патниците од добиените услуги | | | | | | | | | | | | √ |
| 8 **Соработка со национални државни органи и регулаторни тела** | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 **Соработка со меѓународни органи и организации, како и со странски регулаторни тела од областа на железниците** | | | | | | | | | | | | |
| Активности во рамките на работната група на регулаторните тела за железници на Европската Комисија (DG MOVE) | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Активности во рамките на независната група на регулаторните тела за железници IRG Rail | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Активности во рамките на SEETO | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Соработка со регулаторните тела од земјите од регионот, Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР СКОПЈЕ

## Б. Финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ**

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ
РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА
РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА
РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ
РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА
РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ
РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ
РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ
РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ
РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА
РАСХОДНА СТАВКА 460 – ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ
РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во насока на извршување на активностите во рамките на своите надлежности, а кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Р.М.“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14), изврши проценка на расходите по расходни ставки и потставки кои ќе се финансираат од приходите остварени од наплата на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги, пресметана во согласност со член 108 со Законот за железничкиот систем.

## Планирани приходи

Со финансискиот план за 2015 година вкалкулирани се следните приходи:

1. Годишна такса (ненаплатена) за регулирање на пазарот на железнички услуги од 2013 и 2014 година – 7.864.472,00 денари
2. Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2015 година – 6.100.000,00 денари
3. Пренос на нереализирани средства од 2014 година – 1.750.000,00 денари

Износот од 7.864.472,00 денари - Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги од минати години произлегува од ненаплатени побарувања од 2013 и 2014 година од Македонски железници АД Транспорт - Скопје (кои се пресметани согласно

член 108 од Законот за железничкиот систем и за кои уредно се доставени решенија до железничкиот превозник). Со оглед дека Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2013 и 2014 година не беше наплатена истата година, овие побарувања се пренесуваат и се планираат како приходи во 2015 година.

Износот од 6.100.000,00 денари - Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2015 година произлегува од пресметката согласно член 108, став 4 од Законот за железничкиот систем, според кој годишната такса изнесува 1,5 % од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура што ја наплатуваат управителите на инфраструктурата од превозниците и тоа од минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужни објекти.

Нереализираните средства од 2014 година, се пренесуваат и соодветно се планираат за активности во наредната 2015 година. Износот на средства кои се предвидува да бидат пренесени во наредната 2015 година изнесува 1.750.000,00 денари.

Вкупно планираните приходи во 2015 година изнесуваат 15.714.472,00 денари.

## Планирани расходи

РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во оваа ставка се предвидени средства за набавка на материјали неопходни за нормално извршување на работните задачи од страна на вработените во Агенцијата и тоа за канцелариски материјали, списанија и други изданија за користење од страна на вработените (домашна и странска литература), средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, административни материјали, вода, комунални такси и други материјали со вкупна вредност од 700.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка се предвидуваат средства за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија во износ од 250.000.00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 402 – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Во оваа расходна ставка се вкалкулирани средства за тековно одржување на деловниот простор (мајсторски работи) во вкупен износ од 60.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Проценетите средства за оваа категорија на расходи се во вкупен износ од 820.000,00 денари и истите се наменети за: претплата за службен весник, фиксна и мобилна телефонија, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поштенски услуги, интернет пристап, услуги за копирање, печатење, одржување, сервис, осигурување и регистрација на моторно возило и за други услуги.

РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

Средствата од оваа ставка се предвидуваат за превозно - транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи. Проценетиот износ на оваа расходна категорија изнесува 20.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Планираниот износ за оваа ставка изнесува 130.000,00 денари, во која се вкалкулирани трошоци за реклама, пропаганда, репрезентација, прехранбени продукти, пијалаци и сл.

РАСХОДНА СТАВКА 409 - ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

Планираните средства од оваа расходна ставка се предвидуваат да бидат искористени материјални расходи потребни за извршување на работните задачи. Средствата кои се предвидуваат во рамките на оваа ставка изнесуваат 45.000,00 денари

РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Средствата од оваа расходна категорија изнесува 40.000,00 денари, а се однесува за провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Оваа расходна ставка е планирана во износ од 30.000,00 денари и истите би се користеле за осигурување на деловниот објект и опремата.

РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

Планираниот износ на оваа расходна ставка е проценет на 1.000.000,00 денари, на кој износ се и проценети патните, хотелските и дневните расходи во земјата и странство. Овие службени патувања се потребни за учество на состаноци на работни групи на регулаторните тела од ЕУ од областа на железниците, конференции на регулаторните тела од ЕУ, присуство на семинари, соработка со регулаторните тела од ЕУ и соседните земји со цел размена на искуство и сл.

РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ И ГРАЃАНИ

Во оваа расходна ставка се пресметани надоместоци на трошоци на работниците предвидени со Законот за работни односи и истите изнесуваат 100.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 415 – НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ

Планираниот износ на оваа расходна категорија изнесува 15.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2015 година се во износ од 4.085.000,00 денари и истите би се користеле за следното:

- Стручно усовршување на вработените преку учество на семинари, конференции што се одржуваат во земјата и странство, а за кои се предвидени износи за котизација и сл.;
- Организирање на семинари, конференции на територијата на Република Македонија на кој се планира да земат учество стручни експерти од земјата и странство;
- Користење на консултантски услуги од областа на железниците;
- Надоместоци по основ на нето примања и трошоци на Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
- Услуги за изработка на веб страна;
- Здравствени прегледи на вработените, ревизорски услуги, правни и други видови на услуги.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР СКОПЈЕ

РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ

Во оваа расходна ставка предвидени се трошоци за објава на огласи, тендери во домашни и меѓународни списанија, судски такси, трошоци за аконтации за данок на непризнаени расходи, објавување на подзаконски акти во службен весник и сл. и за истата се предвидени средства во износ од 239.472,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 441 – ОПРЕМА

Во текот на 2015 година Агенцијата, поради зголемување на бројот на вработени, има потреба од доопремување со канцелариски мебел, хардвер за креирање на електронска база на податоци, набавка на софтвери, како и набавка на патничко возило за потребите на Агенцијата (Агенцијата не располага со патничко возило). За оваа ставка се предвидуваат 2.750.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 460 – ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ

Во оваа ставка се предвидени средства за исплата на нето плати, надоместоци на плати и придонеси од плати за 7 вработени. Предвидениот износ за оваа ставка изнесува 5.000.000,00 денари.

РАСХОДНА СТАВКА 470 - ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ

Планираниот износ на оваа расходна ставка изнесува 430.000,00 денари и се однесува за персонален данок на доход за надоместоци, придонеси и реализирани трошоци за Управниот одбор на Агенцијата, како и персонален доход кој би произлегол од склучени договори со физички лица, кои би биле ангажирани за потребите на Агенцијата.

Вкупно планирани расходи: 15.714.472,00 денари

Бр.01-432/2
25.12.2014 година
Скопје

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Претседател на Управен одбор**

**М-р Ана Виткова**

**Прилог:**
**Табеларен преглед на финансиски план на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година**

ПРИЛОГ 2

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2015 ГОДИНА

### ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| 75101 | Ненаплатена Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за минати години | 7.864.472.00 |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за 2014 година | 6,100,000.00 |
| | Камати за ненавремено подмирување на долг по основ на Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги | 1,750,000.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **15,714,472.00** |

### 1. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) |
|---|---|---|
| **400** | **ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **700,000.00** |
| 40001 | Комунални услуги - вода, ѓубрарина и сл. | 40,000.00 |
| 40002 | Списанија весници и др.изданија | 60,000.00 |
| 40003 | Стручна литература | 60,000.00 |
| 40004 | Канцелариски материјали | 200,000.00 |
| 40005 | Средства за одржување на хигиена | 60,000.00 |
| 40006 | Ситен инвентар и алат | 40,000.00 |
| 40008 | Потрошена вода | 40,000.00 |
| 40009 | Потрошено гориво и масло | 150,000.00 |
| 40090 | Други материјали - останато | 50,000.00 |
| **401** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА** | **250,000.00** |
| 40100 | Потрошена електрична енергија | 250,000.00 |
| **402** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **60,000.00** |
| 40200 | Одржување на деловниот простор | 60,000.00 |
| **403** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **820,000.00** |
| 40301 | Телефон, телефакс и интернет | 240,000.00 |
| 40305 | Поштенски услуги | 30,000.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 30,000.00 |
| 40307 | Услуги за одржување на хигиена | 170,000.00 |
| 40309 | Службен весник | 40,000.00 |
| 40311 | Поправка и одржување на хардвер и софтвер | 120,000.00 |
| 40312 | Поправка и одржување на опрема | 50,000.00 |
| 40314 | Одржување, сервис и регистрација на моторно возило | 100,000.00 |
| 40390 | Други услуги | 40,000.00 |
| **404** | **ПРЕВОЗНО - ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **20,000.00** |
| 40401 | Превозно - транспортни услуги | 20,000.00 |
| **405** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **130,000.00** |
| 40500 | Издатоци за репрезентација | 80,000.00 |
| 40501 | Издатоци за реклама, пропаганда | 50,000.00 |
| **409** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | **45,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| **410** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **40,000.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 30,000.00 |
| 41001 | Провизија за откуп на девизи | 10,000.00 |
| **412** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **30,000.00** |
| **413** | **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ** | **1,000,000.00** |
| **414** | **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ** | **100,000.00** |
| **415** | **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | **15,000.00** |
| **417** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **4,085,000.00** |
| 41703 | Обуки за стручно усовршување,семинари, конференции | 450,000.00 |
| 41705 | Надоместоци и трошоци на членови на Управен одбор | 1,000,000.00 |
| 41706 | Услуги за истражување на пазарот | 400,000.00 |
| 41708 | Консултантски услуги - изработка на студии | 1,600,000.00 |
| 41709 | Ревизија на финансиските извештаи - надворешна ревизија | 150,000.00 |
| 41711 | Здравствени прегледи на вработени | 35,000.00 |
| 41712 | Правни/адвокатски услуги | 200,000.00 |
| 41714 | Изработка на веб страна | 200,000.00 |
| 41790 | Други услуги | 50,000.00 |
| **418** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **239,472.00** |
| 41801 | Други оперативни расходи(камати, данок и др.) | 69,482.00 |
| 41804 | Други расходи - огласи | 150,000.00 |
| 41805 | Судски и нотарски такси, извршител | 20,000.00 |
| **441** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **2,750,000.00** |
| 44101 | Средства за канцелариски мебел | 600,000.00 |
| 44106 | Информатичка опрема | 600,000.00 |
| 44108 | Средства за друга опрема | 150,000.00 |
| 44110 | Компјутерски софтвер и програми | 200,000.00 |
| 44111 | Моторно возило | 1.200,000.00 |
| **460** | **ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | **5,000,000.00** |
| 46001 | Нето плати, надоместоци и трошоци на вработени | 3,300,000.00 |
| 46002 | Придонеси од плати | 1,700,000.00 |
| **470** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **430,000.00** |
| 47001 | Персонален данок | 30,000.00 |
| 47002 | Персонален данок – надоместоци на Управен одбор | 400,000.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **15,714,472.00** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ... СЕКТОР СКОПЈЕ

**СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2014 И 2015 ГОДИНА**

1. **ПРИХОДИ**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2014 година | Планиран износ (денари) 2015 година | Спореден показател на планирани приходи(%) |
|---|---|---|---|---|
| 75101 | Ненаплатена Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги од минатата година | 4.366.282,00 | 7.864.472.00 | 80,12% |
| 75102 | Годишна такса за регулирање на пазарот на железнички услуги за тековната година | 5.600.000,00 | 6,100,000.00 | 8,93% |
| 770 | Пренос на средства од минатата година | 3.700.000,00 | 1,750,000.00 | 47,29% |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **13.666.282,00** | **15.714.472,00** | **115%** |

2. **РАСХОДИ**

| Конто | Опис на конто | Планиран износ (денари) 2014 година | Планиран износ (денари) 2015 година | Спореден показател на планирани расходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 400 | ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 600,000.00 | 700,000.00 | 16,6% |
| 401 | ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА | 200,000.00 | 250,000.00 | 25% |
| 402 | ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА | 60,000.00 | 60,000.00 | 0% |
| 403 | ДРУГИ УСЛУГИ | 820,000.00 | 820,000.00 | 0% |
| 404 | ПРЕВОЗНО - ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 20,000.00 | 20,000.00 | 0% |
| 405 | ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА,ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 130,000.00 | 130,000.00 | 0% |
| 409 | ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ | 45,000.00 | 45,000.00 | 0% |
| 410 | ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 40,000.00 | 40,000.00 | 0% |
| 412 | ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 30,000.00 | 30,000.00 | 0% |
| 413 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 0% |
| 414 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ | 60,000.00 | 100,000.00 | 66,67% |
| 415 | НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ | 15,000.00 | 15,000.00 | 0% |
| 417 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ | 3,985,000.00 | 4,085,000.00 | 2,51% |
| 418 | ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ | 181,282.00 | 239,472.00 | 32,10% |
| 441 | СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 1,850,000.00 | 2,750,000.00 | 48,65% |
| 460 | ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ | 4,500,000.00 | 5,000,000.00 | 11,11% |
| 470 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 130,000.00 | 430,000.00 | 230,77% |
| 4 | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **13,666,282.00** | **15,714,472.00** | **115%** |